**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1253

Скопје, 15 јануари 2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА, ФАРМАКОИНФОРМАТИКА И СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Фармацевтски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 10.11.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-791/13, донесена на 10.12.2021, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Љубица Шутуркова, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, проф. д-р Александар Димовски, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје и проф. д-р Кристина Младеновска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација, во предвидениот рок се пријави д-р Зоран Стерјев.

### *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ*

Кандидатот д-р Зоран Стерјев е роден на 2.IV 1974 година, во Битола. Основното и средното образование ги завршил во Битола со континуиран одличен успех. Во учебната 1992/1993 се запишал на студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, а ги завршил во 1998 год. Во септември 1998 година, со одбрана на дипломската работа „Споредба на постапката за регистрација на лекови во Р Македонија со постапките за регистрација во земјите членки на ЕУ, Швајцарија и Соединетите Американски Држави”, се стекна со звањето дипломиран фармацевт. Во декември 1999 година го положил стручниот испит.

Кандидатот активно ги владее англискиот и српскиот јазик.

Во јануари 2001 год., кандидатот се запишал на втор циклус студии (магистерски студии) по фармацевтска хемија, на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предвидените испити ги завршил на 8.12.2003 година со просечен успех 10, кога ја пријавил својата магистерска работа на тема „Фармакогенетски профил на SULT1A1 полиморфизмот“, која со успех ја одбранил на 23.12.2004 година на Фармацевтскиот факултет во Скопје и се здоби со научното звање магистер на фармацевтски науки.

Во 2008 година пријавил тема за изработка на докторски труд под наслов „Пристап за индивидуализација на терапија со антиепилептични лекови“, која успешно ја одбранил na 29.2.2012 година, со што се стекнал со научниот степен доктор на фармацевтски науки.

Од септември 2004 година е вработен на Фармацевтскиот факултет во Скопје, при Институтот за фармацевтска хемија.

На 1.2.2002, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е избран во звањето помлад асистент.

На 4.7.2012 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е во звањето доцент по групата предмети: Фармацевтска хемија, Клиничка фармација и Фармакоинформатика. Рефератот за избор во звањето доцент е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1033 од 15.3.2012 година.

На 21.4.2017 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е во звањето вонреден професор по областите: фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација (Одлука за избор 02-255/3). Последниот реферат за избор во звањето вонреден професор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1142 од 15.3.2017 година.

Од 1999 година учествува во работата и активностите на Националниот фармакоинформативен центар и е раководител на истиот Центар во периодот од март 2010 до март 2014 год.

Зоран Стерјев, во 2007 год., во рамките на проектот „Реконструкција на фармацевтската едукација во Република Македонија“ (TEMPUS-проект, CD_JEP-18016-2003), остварил студиски престој на Факултетот за фармацевтски науки во Копенхаген, Данска, во тек на шест месеци.

Во периодот од 2005 до 2009 год. ја реализира специјализацијата по фармакоинформатика при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во февруари 2009 год., со одбрана на специјалистичкиот труд под наслов „Пишани информации за фармацевтските производи – внатрешно упатство”, се стекнал со звањето специјалист по фармакоинформатика.

Во периодот од 2014 до 2018 год. ја реализирал специјализацијата по аптекарска практика на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Специјализацијата ја завршил на 13.12.2018 година.

Член е на повеќе научни и професионални организации, како: Македонско фармацевтско друштво, Фармацевтска комора на Македонија, Интернационално здружение за фармакоекономија и исход од терапија.

На 10.7.2013 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е за продекан на Фармацевтскиот факултет (Одлука бр. 02-388/3).

На 24.3.2017 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реизбран е за продекан на Фармацевтскиот факултет (Одлука бр. 02-212/3).

На 31. седница на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет одржана на 12.5.2021 година, кандидатот е избран за декан на Фармацевтскиот факултет во мандатен период од 3 години, сметано од 1.10.2021 година (Одлука за избор на декан бр. 02-2873/3). Универзитетскиот сенат, на 11. седница одржана на 25.5.2021 година, донесе Одлука за потврдување на избор на декан на Фармацевтскиот факултет (Одлука бр. 02-633/8).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

## Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за фармацевтска хемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Зоран Стерјев изведува настава и вежби на студиската програма Магистер по фармација од прв и втор циклус интегрирани студии, по предметите: Фармацевтска хемија, Фармакоинформатика, Вовед во клиничка фармација, Клиничка фармација и Користење на литература и бази на податоци, како и на прв циклус студии на студиската програма Диететика и диетотерапија, по предметите: Користење на литература и бази на податоци.

Покрај наведените задолжителни програми, кандидатот учествува и во реализирање на наставата на изборните предмети предвидени со трите студиски програми.

Во рамките на вториот циклус студии, кандидатот учествува во реализација на теоретската настава на втор циклус студии на студиските програми: Здравствен менаџмент и фармакоекономија, Фармацевтска регулатива, Козметологија и Индустриска фармација. Кандидатот дава особен придонес во континуираната здравствена едукација (здравствени специјализации), во делот од програмите за фармакоинформатика, клиничка фармација и аптекарско работење. Кандидатот учествува и во реализација на програмата од трет циклус – докторски студии во следните предмети: Фармацевтски менаџмент, Молекуларни основи на терапевтици и Клиничка фармација.

Кандидатот бил ментор на 30 дипломски трудови во периодот 2017 – 2021 година. Кандидатот учествувал како член во комисија за одбрана на 45 дипломски и 5 специјалистички труда и на 5 докторски дисертации во периодот 2017 – 2021 година.

## Научноистражувачка дејност

Во периодот 2017 – 2021 година, д-р Зоран Стерјев има објавено вкупно 19 научни трудови, од кои 5 научни статии во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 10 статии во меѓународни списанија и 4 статии во зборници од научни собири.

Во период од неговиот избор во звањето вонреден професор, д-р Зоран Стерјев учествува во 1 меѓународен и 5 национални научноистражувачки проекти. Во овој период, кандидатот учествувал на 5 меѓународни конгреси и конференции.

Д-р Зоран Стерјев активно учествува на голем број работилници и семинари од интерес.

Кандидатот д-р Зоран Стерјев со решение на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е за член на Одборот за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои покажуват врвни резултати во научноистражувачката дејност, за 2020 година.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Зоран Стерјев активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Националниот центар за давање информации за лековите при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во периодот од 2017 до 2021 година беше раководител и на Центарот за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Член е на Центарот за биомолекуларни фармацевтски анализи, при Фармацевтскиот факултет во Скопје, каде што активно учествува во дијагностички и терапевтски процедури од областа на медицинските науки и фармакогенетиката. Од 2017 година, раководител е на регионалната членка на Интернационалното здружение за фармакоекономија и исход од терапија ИСПОР – Скопје.

Кандидатот д-р Зоран Стерјев е член на Македонското фармацевтско друштво, Фармацевската комора на Република Северна Македонија, Интернационалното здружение за фармакоекономија и исход од терапија, како и на Интернационалното здружение за фармакоинформатика. Член е на Комисијата за клинички испитувања во Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Зоран Стерјев, во извештајниот период, доби позитивна оценка од анонимно спроведена анкета на студентите од Фармацевтскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Зоран Стерјев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Зоран Стерјев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наствно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Стерјев да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научните области: фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Љубица Шутуркова, с.р.**
**Проф. д-р Александар Димовски, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Младеновска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Зоран Симеон Стерјев
**Институција:** Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје
**Научна област:** **ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА (30600), ФАРМАКОИНФОРМАТИКА (30605), СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА (30615)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: <u>фармацевтска хемија, фармакоинформатика, социјална фармација;</u> поле: <u>фармација;</u> подрачје: <u>медицински науки и здравство</u>. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да (образец 2) |
| 3.1.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Pharmacogenomics and Personalized Medicine<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: *The AKR1D1 *36 (rs1872930) Allelic Variant Is Independently Associated With Clopidogrel Treatment Outcome*<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Acta Pharmaceutica<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: *AKR1D1*36 C>T* (rs1872930) allelic variant is associated with variability of the CYP2C9 genotype predicted pharmacokinetics of ibuprofen enantiomers - a pilot study in healthy volunteers<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Balkan J Med Genet<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of science, Scopus, Medline/PubMed.<br>3. Наслов на трудот: Influence of Potential Gene Polymorphisms on Propofol Dosa<br>ge Regimen in Patients Undergoing Abdominal Hysterectomy<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Clinicoecon Outcomes Res<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of statin utilization in the Republic of Macedonia during 2013-2016<br>4. Година на објава: 2018 | |
| 3.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Clinicoecon Outcomes Res<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Cost-effectiveness analysis of treating transplant-eligible multiple myeloma patients in Macedonia.<br>4. Година на објава: 2018 | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 3.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Prilozi (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Medline/PubMed, Medicus<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of Correlation Between the Pharmacogenetic Profiles of Risperidone Treated Psychiatry Patients with Plasma and Urine Concentration of Risperidone and its Active Moiety 9-OH Risperidone Determined with Optimized Bioanalytical LC Method.<br>4. Година на објава: 2018 | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот: Права на интелектуалната сопственост во фармацијата<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 | Да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен на УКИМ бр. 1142 од 15.3.2017 година | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Љубица Шутуркова, с.р.**
**Проф. д-р Александар Димовски, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Младеновска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Зоран Симеон Стерјев**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: фармацевтска хемија (30600), фармакоинформатика (30605) и социјална фармација (30615)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | |
| | **1.1. Одржување на теоретска настава – предавања** | **66** |
| | **Магистер по фармација прв и втор интегриран циклус на студии** | |
| | 7. Фармацевтска хемија 2 (6 ЕКТС)<br>6 * 15 * 0,04 (2017 – 2021) | 18 |
| | 8. Фармацевтска хемија 3 (10 ЕКТС)<br>3 * 15 * 0,04 (2017 – 2021) | 9,0 |
| | 9. Фармакоинформатика (3 ЕКТС)<br>4 * 15* 0,04 (2017 – 2021) | 12 |
| | 10. Вовед во клиничка фармација (4 ЕКТС)<br>2*15* 0,04 (2017 – 2021) | 6 |
| | 11. Клиничка фармација и терапевтици (10 ЕКТС)<br>4 * 15* 0,04 (2017 – 2021) | 12 |
| | 12. Користење на литература и бази на податоци (2 ЕКТС)<br>2 * 15* 0,04 (2017 – 2021) | 6 |
| | 13. Издавање на лекови и комуникациски вештини (5 ЕКТС)<br>5 * 15* 0,04 (2017 – 2021) | 3 |
| | **Диететика и диетотерапија – прв циклус студии** | **10,8** |
| | 14. Користење на литература и бази на податоци (4 ЕКТС)<br>2 *15*0,04 (2019 – 2021) | 3,6 |
| | 15. Промоција на здравје (4 ЕКТС)<br>4*15*0,04 (2019 – 2021) | 7,2 |
| | **1.2 Одржување на практична настава – вежби Магистер по фармација – прв и втор интегрирани циклус студии** | **10,98** |
| | 5. Фармацевтска хемија 2 (6 ЕКТС)<br>4 * 15 * 0,03 (2017 – 2019) | 5,4 |
| | 6. Фармацевтска хемија 3 (10 ЕКТС)<br>6 * 5 * 0,03 (2017 – 2019) | 2,7 |
| | 7. Фармакоинформатика (3 ЕКТС)<br>4 * 8 * 0,03 (2017 – 2019) | 2,88 |

| | | |
|---|---|---|
| | **1.3. Одржување на теоретска настава – предавања втор циклус** | **19,4** |
| | Рационален Фармацевстки менаџмент – здравствен менаџмент и фармакоекономија (втор циклус) 2017, 2018<br>8 часа * 6 недели * 0,05 | 2,4 |
| | Менаџирање на терапија со лекови – здравствен менаџмент и фармакоекономија (втор циклус) 2017, 2018<br>8 часа * 8 недели * 0,05 | 3,2 |
| | Здравствен информативен менаџмент – здравствен менаџмент и фармакоекономија (втор циклус) 2017, 2018<br>8 часа * 8 недели * 0,05 | 3,2 |
| | Фармацевтски маркетинг – индустриска фармација 2017/18<br>8 часа * 4 недели * 0,05 | 1,6 |
| | Маркетинг на козметички производи – специјалистички студии Козметологија 2018/2019 и 2019/2020<br>10 часа * 6 недели * 0,05 | 6 |
| | Маркетинг на хомеопатски лекови – специјалистички студии Хомеопатски лекови 2018<br>10 часа * 6 недели * 0,05 | 3 |
| | **1.4 Одржување на теоретска настава – предавања трет циклус** | **33** |
| | **Фармацевтски менаџмент (5 ЕКТС)**<br>50 часа годишно *0,06 (2017 – 2021 година) | 15 |
| | **Клиничка фармација**<br>30 часа годишно *0,06 (2017 – 2021) | 9 |
| | **Молекуларни основи на терапевтици (5 ЕКТС)**<br>30 часа годишно *0,06 (2017 – 2021) | 9 |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | **12** |
| | Семинар: Фармацевтска грижа – современа филозофија на фармацевтската професија (предавач)<br>Македонско фармацевтско друштво,<br>10.7.2017 | 1 |
| | International Society of Pharmacoeconomics and Outcomes Research, Distance Learning Module – Introduction to pharmacoeconomics (Apri 9, 2019) (учесник) | 1 |
| | Семинар: Вакцини – предизвици и решенија<br>Центар за континуирана едукација на фармацевтски факултет (предавач)<br>31.10.2019 | 1 |
| | Вакцини – ефикасна алатка за подобро јавно здравје<br>Македонско фармацевтско друштво (предавач)<br>29.11.2019 | 1 |
| | Имплементација на новите ЕУ-регулативи за медицински средства – дали сме подготвени, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2018. | 1 |
| | Идентификување и пријавување на несакани реакции од употреба на фармацевтски производи, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Скопје, Р Македонија, 2018. | |
| | Вебинар и панел дискусија „Ковид 19: Што? Како? Зошто? Кога?, Организатор: Факултетско студентско собрание на Фармацевтски факултет, 11.12.2020 (предавач) | 1 |
| | EAFP Annual conference 2017, Helsinki | 1 |
| | EAFP Annual conference 2018, Parma | 1 |
| | EAFP Annual conference 2019, Krakow | 1 |
| | ISPOR Europe 2017, Barcelona | 1 |
| | ISPOR Europe 2019, Copenhagen | 1 |
| **3.** | **Подготовка на нов предмет** | **2** |
| | Промоција на здравје за здравствени професионалци | 1 |
| | Евалуирање на ефикасноста и исход од диетотерапија | 1 |
| **4.** | **Консултации со студенти** | **1,7** |
| | Студиска програма: Магистер по фармација, 2017 – 2021 (800 студенти *0,002) | 1,6 |
| | Студиска програма: Диететика и диетотерапија, 2018 – 2021 (50 студенти *0,002) | 0,1 |
| **5 .** | **Консултации со студенти во рамки на здравствена клиничка практика (специјалистички здравствени студии)**<br>Фармакоинформатика<br>Клиничка фармација<br>Аптекарска практика<br>Испитување и контрола на лекови<br>Вкупно 30 студети * 0,2 (2017-20212) | **6** |
| **5.** | **Ментор на дипломска работа**<br>Вкупно 30 студенти *0,2 (2017-2021) | **6** |
| **6.** | **Ментор на специјалистичка работа**<br>Вкупно 3 студенти * 1 (2017-2021) | **3** |
| **7.** | **Ментор и едукатор на здравствена едукација** | **3,6** |
| **8.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на докторат**<br>Вкупно 5 кандидати * 0,7 (2017-2021) | **3,5** |
| **9.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (**2 кандидата * 0,3) | **0,6** |
| **10.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа (**10 кандидати * 0,2) | **2** |
| **11.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (**35 кандидати * 0,1) | **3,5** |
| **12.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br>„Правата на интелектуална сопственост во фармацијата“, Скопје, 2021 | **6** |
| | **Вкупно** | **190.08** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерска работа**<br>Вкупно 2 студента * 2 (2017-2021) | **4** |
| **2.** | **Учесник во национални научни проекти** | |

| | | |
|---|---|---|
| | - Учесник во проект: „Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови ,, (2017)<br>- Детекција на минимална резидуална болест со анализа на индивидуално специфични преуредувања на имуноглобулинските и/или т-клеточните рецепторни гени (2020)<br>- Модел на фармацевтска грижа во аптекарска пракса-фокус на пациенти со деменција (2019 – 2021)<br>- Улога и активности на фармацевтите во аптека за време на пандемија на COVID 19 (2020 – 2021)<br>- Воведување на нова метода за одредување на ниска концентрација на соматски мутации со употреба на течна биопсија и dPCR | **15** |
| **3.** | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>- Implememtation of innovation models to the process of new product development for wound healing in health sector (билатерален австриско-македонски) | **5** |
| **4.** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. | **30** |
| | 1. Kapedanovska Nestorovska A, Naumovska Z, Jakovski K, Sterjev Z, Matevska Geskovska N, Dimovski Aj, Suturkova Lj. *Allele frequency and genotype distribution of aldo keto reductase 1D1 (AKR1D1) rs1872930 genetic variant in a Macedonian population*. Macedonian pharmaceutical bulletin, 2018; 64 (1)<br>2. Shuleta-Qehaja S, Kapedanovska Nestorovska A, Naumovska Z, Stefanovski P, Dimovski AJ, Sterjev Z, Shuturkova Lj. *CYP2D6 polymorphisms and the therapeutic outcome with Tamoxifen therapy in breast cancer patients from Kosovo*. Macedonian pharmaceutical bulletin, 2018; 64(2)<br>3. Qerimi V, Nestorovska AK, Sterjev Z, Genadieva-Stavric S, Suturkova L. Cost-effectiveness analysis of treating transplant-eligible multiple myeloma patients in Macedonia. Clinicoecon Outcomes Res. 2018 Jun 20;10:327-338. doi: 10.2147/CEOR.S152437. PMID: 29950875; PMCID: PMC6016005.<br>4. Naumovska Z, Nestorovska AK, Grozdanova A, Hristova K, Dimovski A, Suturkova L, Sterjev Z. Evaluation of statin | 3<br>3<br>3<br>3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | utilization in the Republic of Macedonia during 2013-2016. Clinicoecon Outcomes Res. 2018 Jun 26;10:339-347. doi: 10.2147/CEOR.S157842. PMID: 29983582; PMCID: PMC602769.<br>5. Ackovska, A., Grozdanova, A., Sterjev, Z., Tonik Ribarska, J., & Anchevska Netkovska, K. (2020). The role of breanding in the healthcare system with special review to healthcare institutions. *Knowledge International Journal*, *41*(3), 489 - 494.<br>6. Goran Pop - Nikolov, Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zorica Naumovska, Ljubica Suturkova, Zoran Sterjev. Social media marketing of pharmacies across the Republic of North Macedonia. Macedonian pharmaceutical bulletin, 66 (2) 87 - 93 (2020).<br>7. Katerina Iliovska, Zoran Sterjev, Aleksandra Kapedanovska Nestorovska; Pharmaceutical care in the treatment of pediatric asthma: the role of community pharmacist; Macedonian pharmaceutical bulletin, 66 (1) 15 - 24 (2020)<br>8. Biljana Lazarova, Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova. Cost-effectiveness of LMWHs versus UFH for the prevention of postsurgical venous thromboembolism at orthopedic department in Clinical Hospital Stip, Macedonian pharmaceutical bulletin, 64 (1) 79 - 88 (2018)<br>9. Biljana Lazarova, Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova. Evaluation of costs and outcomes associated with pharmacological thromboprophylaxis (unfractionated heparin and low molecular weight heparins) of venous thromboembolism at orthopedic ward in Clinical Hospital Stip, Macedonian pharmaceutical bulletin, 63 (1) 25 - 34 (2017).<br>10. Selvete Shuleta Qehaja, Zoran Sterjev, Ljubica Shuturkova, Aleksandra Kapedanovska, Zorica Naumovska, Virtyte Krasniqi, Erblin Elezi. Knowledge, attitude and practice of pharmacists to pharmacovigilance and adverse drug reactions reporting process: a cross-sectional study in Kosovo [PDF]. Macedonian Pharmaceutical Bulletin , Early on-line 9 July 2021 | 3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3 |
| **5.** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | **32,16** |
| | 1. Kapedanovska Nestorovska A, Dimovski AJ, Sterjev Z, Matevska Geskovska N, Suturkova L, Ugurov P, Mitrev Z, Rosalia R. *The AKR1D1*36 (rs1872930) Allelic Variant Is Independently Associated With Clopidogrel Treatment* | 7,14 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Outcome*. Pharmacogenomics and Personalized Medicine, 2019; 12: 287-295. DOI:10.2147/ PGPM.S222212; (IF= 3.912); | |
| | 2. Kapedanovska Nestorovska A, Jakjovski K, Naumovska Z, Sterjev Z, Geskovska NM, Mladenovska K, Suturkova L, Dimovski A. *AKR1D1*36 C>T* (rs1872930) allelic variant is associated with variability of the CYP2C9 genotype predicted pharmacokinetics of ibuprofen enantiomers - a pilot study in healthy volunteers. Acta Pharmaceutica, 2019; 69:399–412. DOI: 10.2478/acph-2019-0032.(IF= 2.23), | 6,25 |
| | 3. Filipce A, Naumovska Z, Nestorovska AK, Sterjev Z, Brezovska K, Tonic-Ribarska J, Grozdanova A, Suturkova L, Raleva M. Evaluation of Correlation Between the Pharmacogenetic Profiles of Risperidone Treated Psychiatry Patients with Plasma and Urine Concentration of Risperidone and its Active Moiety 9-OH Risperidone Determined with Optimized Bioanalytical LC Method. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018;39(2-3):97-106. doi: 10.2478/prilozi-2018-0047. (IF= 0.53); | 5,12 |
| | 4. Naumovska Z, Nestorovska AK, Sterjev Z, Filipce A, Grozdanova A, Dimovski A, Suturkova L, Serafimoski V. Evaluation of the Role of ABCB1gene Polymorphic Variants on Psychiatric Disorders Predisposition in Macedonian Population. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2017 Dec 1;38(3):71-88. doi: 10.2478/prilozi-2018-0008. (IF= 0.53); | 5,12 |
| | 5. Ivanov E, Sterjev Z, Budic I, Nojkov J, Karadzova D, Sivevski A. Influence of Potential Gene Polymorphisms on Propofol Dosage Regimen in Patients Undergoing Abdominal Hysterectomy. Balkan J Med Genet. 2021 Mar 23;23(2):41-48. doi: 10.2478/bjmg-2020-0030 PMID: 33816071; PMCID: PMC8009561. Web of Science, (I.F= 0,519) | 5,11 |
| **6.** | **Учество на научен/ стручен собир со постер -меѓународен** | **4** |
| | 1. V Qerimi, A Kapedanovska-Nestorovska, Z Sterjev, S Genadieva-Stavric, L Suturkova Treatment in Transplant Eligible Multiple Myeloma Patients in Macedonia: Development of Cost-Effectiveness Analysis. Value in HealthVol. 20 Issue 9A435Published in issue: October-November, 2017<br>2. Kapedanovska Nestorovska A, Sterjev Z, Naumovska Z, Dimovski A, Grozdanova A, Suturkova L. Cost –Effectiveness of Obinutuzumab As Frontline Treatment For Unfit Patients With Chronic Lymphocytic Leukemia In Republic of Macedonia. Value in HealthVol. 20Issue 9A736Published in issue: October-November, 2017 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Naumovska Z, Kapedanovska Nestorovska A, Grozdanova A, Dimovski A, , Suturkova L, Sterjev Z. Pharmacoeconomic Evaluation of Sorafenib As First-Line Treatment for Advanced Hepatocellular Carcinoma. Value in HealthVol. 20Issue 9A736Published in issue: October-November, 2017<br>4. Kapedanovska Nestorovska A, Sterjev Z, Naumovska Z, Dimovski A, Grozdanova A, Suturkova L. Cost–effectiveness analysis of pertuzumab as first line neoadjuvant treatment option for patients HER2 + breast cancer in Republic of Macedonia. ISPOR Europe 2018, Barcelona, Spain. 10-14 November, 2018. Value in Health. 2018; 21 (Supplement 3) | |
| | Рецензија на научен/стручен труд | **1** |
| | **Вкупно** | **91.16** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот 2017-2021, Отворен ден на УКИМ и Фармацевтски факултет (5*0,5) | 2,5 |
| 5. | Клиничка или научно-апликативна студија во обласа на медицинските науки и здравството<br>учесник | 2 |
| 6. | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството | 2 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br>- 8th Adriatic and 5th ISPOR Serbia Chapter Congress of Pharmacoeconomics and Outcomes Research, April 2018<br>- Конгрес по фармација во Република Северна Македонија | 2 |
| 2. | Декан | 6 |
| 3. | Член на универзитетска комисија | 1 |
| 4. | Член на факултетска комисија | *2* |
| 5. | Учество во Комисија за стручен испит во Фармацевтска комора, 2017 – 2022 | 5 |
| 6. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>Комисија за клинички испитувања (МАЛМЕД)<br>Комисија за изготвување на регистар на лекови (МАЛМЕД) | 2 |
| 7. | Претседател на здружение поврзано со струката<br>Претседател на Здружение за фармакоекономија и исход од терапија ИСПОР – Скопје | 2 |
| | **Вкупно** | **26,5** |

**СПОРТСКА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Претседател на спортско натпреварувачко здружение | **2** |
| | **Вкупно** | **2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | **190,08** |
| **Научноистражувачка дејност** | **91,16** |
| **Дејности од поширок интерес** | **26,5** |
| **Спортска дејност** | **2** |
| **Вкупно** | **309,74** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Љубица Шутуркова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Александар Димовски, член, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Младеновска, член, с.р.**